РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-2981/4
01-12-2020 г/v.

Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од подносителот ----------------------- на 42-та седница одржана на 27.11.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предмет со број 12-2981/1 од 02.09.2020 година оформен по пријава доставена од подносителот ---------------------------- до ДКСК.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2981/1 од 02.09.2020 година од причини што наводите не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлука со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2981/1 од 02.09.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за неправилности во постапката за распоредување на работно место на --------------------, вработена во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање-Министерство за внатрешни работи на Р.Северна Македонија, која откако не го поминала процесот на селекција за работа во Агенцијата за национална безбедност и која по истекот на една година од завршување на постапката за селекција, не била распоредена во Министерството за внатрешни работи на друго работно место. Од наведените причини, споменатата не е во можност да ги остварува правата од работен однос, меѓу кои и правото на годишен одмор за 2020 година.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК со Барање за прибирање податоци и информации со број 12-2981/2 од 13.10.2020 година побара од Министерството за внатрешни работи да се достави информација во врска со постапката на распоредување на ------------------, вработена во поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање-Министерство за внатрешни работи на Р.Северна Македонија, на работно место во Министерството за внатрешни работи, со наведување на причините поради кои истата не била

распоредена на соодветно работно место, со доставување на прилог документација поврзана со овој случај.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор од Министерството за внатрешни работи.

По разгледување на наводите во пријавата и доставениот одговор, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

Од страна на Директорот на Агенцијата за национална безбедност било доставено известување со доставен список на лица за кои е утврдено постоење на безбедносен ризик, меѓу кои е и подносителот на пријавата.

Согласно одредбите од Законот за Агенција за национална безбедност, каде е утврдено дека доколку кај работникот е утврдено постоење на безбедносен ризик, работникот не се презема во Агенцијата и истиот не може да биде распореден на работно место во Министерството за внатрешни работи. Од страна на Министерството за внатрешни работи, било доставено Известување бр.13.3.1-53165/1 од 30.06.2020 година до подносителот на пријавата за причините поради кои именуваната не е распоредена на работно место во Министерството.

Воедно, со Акт од 23.12.2019 година Министерството за внатрешни работи до Владата на Република Северна Македонија доставило Информација за потребата од спроведување на постапка за преземање на работници од Управата за безбедност и контраразузнавање, за кои во постапката за селекција и избор е утврдено постоење безбедносен ризик, во друг државен орган.

Во однос на правото на годишен одмор, по претходно доставено Барање бр.13.3-79691/1 од 08.10.2020 година од страна на --------------------- и е изготвено Решение бр.13.3-19/530 од 14.10.2020 година, со кое на именуваната и е утврдено право на годишен одмор во траење од 28 работни дена за 2020 година.

Имајќи ја во предвид горенаведената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај надлежниот орган (Министерството за внатрешни работи) постапил согласно своите законски надлежности, ја утврдил фактичката состојба и со акт ја известил именуваната за причините поради кои неможе да биде распоредена на работно место во Министерството. Воедно од страна на Министерството се преземени конкретни дејствија со известување на Владата на Р.Северна Македонија за потребата од спроведување на постапка за преземање на работници од поранешната Управа за безбедност и контраразузнавање во друг државен орган. Оттаму, ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: Б.И , Претседател на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**